**938.**

Врз основа на член 49 став (8) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 март 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА И ОБЕМ НА ИЗВРШЕНА РАБОТА**

Член 1

Во Одлуката за видот и висината на надоместоците на членовите на Одборот за акредитација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.43/21), членот 3 се менува и гласи:

„Висината на надоместокот за претседателот и членовите на Одборот за акредитација врз основа на обем на извршена работа, и тоа:

1. За утврдување дали со проектот за основање на високообразовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност и утврдување на капацитетот за студирање, како и за донесување на решение за акредитација на проект за основање на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа (висока стручна школа, студиска програма на научни институти) на високообразовната установа за претседателот на стручната комисија изнесува 5.000,00 денари во нето износ и за членовите по 4.000,00 денари во нето износ и за измени и дополнување, односно елаборат и студиски програми на повторно разгледување (втор стручен извештај), висината на надоместокот изнесува 2.500,00 денари во нето износ за претседателот на комисијата и по 2.000,00 денари во нето износ за членовите на комисијата.

2. За одлучување за акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии за претседателот на стручната комисија изнесува 5.000,00 денари во нето износ и за членовите по 4.000,00 денари во нето износ и за измени и дополнување, односно на елаборат и студиски програми на повторно разгледување (втор стручен извештај), висината на надоместокот изнесува 2.000,00 денари во нето износ за претседателот на комисијата и по 1.500,00 денари во нето износ за членовите на комисијата.

3. За утврдување на исполнетост на условите за организирање на студии за нови студиски програми на високообразовната установа и утврдување на капацитетот за студирање на високообразовната установа за претседателот на стручната комисија изнесува 5.000,00 денари во нето износ и за членовите по 4.000,00 денари во нето износ и за измени и дополнување, односно елаборат и студиски програми на повторно разгледување (втор стручен извештај), висината на надоместокот изнесува 2.500,00 денари во нето износ за претседателот на комисијата и по 2.000,00 денари во нето износ за членовите на комисијата.

4. За акредитација на студиски програми за период од пет студиски години, како и одлучување за акредитација на ментори на докторски студии за претседателот и членовите на Одборот за акредитација, за претседателот на стручната комисија изнесува 4.000,00 денари во нето износ и за членовите по 3.000,00 денари во нето износ и за измени и дополнување, односно елаборат и студиски програми на повторно разгледување (втор стручен извештај), висината на надоместокот изнесува 2.000,00 денари во нето износ за претседателот на комисијата и по 1.500,00 денари во нето износ за членовите на комисијата.

5. За разгледување на барања за: промена на име на високообразовна установа и запишување во регистарот на високообразовни установи, барање на Владата за добивање на мислење од Одборот за акредитација за основање на странска високообразовна установа во државата, за претседателот на стручната комисија изнесува 3.000,00 денари во нето износ и за членовите по 2.000,00 денари во нето износ.

6. За изготвување на обрасци на елаборат за акредитација на студиски програми за претседателот на комисија изнесува 4.000,00 денари во нето износ и за членовите по 3.000,00 денари во нето износ и за измени и дополнување, на обрасците на студиски програми висината на надоместокот 2.000,00 денари во нето износ за претседателот на комисијата и по 1.500,00 денари во нето износ за членовите на комисијата.

7. Патните трошоци заради учество на седници на претседателот и/или членовите на Одборот за акредитација на високото образование ќе се исплаќаат по доставено барање и извештај одобрени од претседателот или заменик претседателот (во отсуство на претседателот) на Одборот за акредитација на високото образование.“



Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-3383/1 | Претседател на Владата |
| 12 март 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |